МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

# „ЗАКОНОТ ЗА БРАНИТЕЛИТЕ“

## краток осврт на политиките за реинтеграција


**Автор:**

**Александар Кржаловски**

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Автор**
Александар Кржаловски

**Лектура**
Даниел Медароски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4681-03-8

Скопје, октомври 2012 г.

**Контакт**
Адреса: МЦМС, ул. Никола Парапунов 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје.
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на МЦМС, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од МЦМС.

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во согласност со својата мисија и во рамките на редовните програми и активности, ги следи и анализира актуелните општествени случувања, прави истражувања и предлага решенија за проблемите.

Овој осврт е посветен на едно од тие актуелни прашања – политиките на реинтеграција, во случајов на поранешните учесници во конфликтот од 2001 година.[1] Непосреден повод беше поднесувањето до Собранието на предлог-закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, во јавноста познат и како „Закон за бранителите“.[2]

Постапката на донесување на законот и дебатата околу него повеќе од два месеци креираат тензии на етничка основа, а решение не се наѕира. Овој осврт има за цел да придонесе во надминувањето на проблемот, со воведување елементи на споредби со меѓународните практики и перцепциите на јавноста. Дел од анализата, во делот на истражувањето на јавното мислење, е направена во соработка со Институтот за демократија Социетас цивилис (ИДСЦС) од Скопје.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Во оваа анализа се користени три методи: преглед на литературата, интервјуа и истражување на јавното мислење (анкета).

Прегледот на литература вклучува два дела:

- Преглед на меѓународните документи, практики и стандарди, главно од ресурсниот центар за мировните операции на Обединетите нации;[3]
- Извадоци и коментари од релевантната легислатива во Република Македонија, главно „Законите за бранителите“, вклучително нивните измени и дополнувања, како и поврзаните иницијативи кои не биле преточени во законски решенија.

За проверка на одредени состојби, особено степенот на спроведување на досега донесените законски решенија, направени се интервјуа со неколку лица. Дел од нив, заради природата на темата, се направени анонимно.

Во однос на истражувањето на јавното мислење, МЦМС и ИДСЦС во септември 2012 година спроведоа анкета со прашања во однос на решавањето на статусот на учесниците и жртвите од конфликтот од 2001 година.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета од страна на ИДСЦС од 14 до 17септември 2012 г. на репрезентативен примерок од 1.100 испитаници со +/-3 % грешка. Критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и изборна единица. Притоа: 50 % беа мажи, а 50 % жени; во однос на етничката застапеност, 67 % од испитаниците беа Македонци, а 26 % Албанци, додека другите етнички групи беа застапени со 7 %. Податоците за помалобројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во националниот примерок не се коментирани во овој извештај. Заради поедноставување на резултатите, податоците (процентите) во извештајот се заокружени на цели броеви.

[1] Под учесници во конфликтот се подразбираат и припадниците на македонските безбедносни сили (Полиција и АРМ) – во понатамошниот текст „бранители“, како и припадниците на ОНА. Во терминологијата на Обединетите нации се користи најчесто фразата „поранешни борци“ за сите учесници во конфликтот.

[2] Во овој документ се користи терминот „Закон за бранителите“.

[3] United Nations Peacekeeping (http://www.un.org/en/peacekeeping/)

# МЕЃУНАРОДНИ ПРАКТИКИ И СТАНДАРДИ

Прашањето на **реинтеграцијата** на учесниците и жртвите од воените конфликти е едно од најзначајните во секое општество за справување со последиците од конфликтот. Како такво, тоа е предмет на посебен интерес на Организацијата на Обединетите нации, која во рамките на своите мировни операции низ целиот свет, во текот на изминатите 20 години, разви методологии за систематски пристап кон ова прашање.

Тоа е опфатено со т.н. **пристап ДДР** (од Disarmament, Demobilization, Reintegration) [4], односно операциите на разоружување (собирање, евиденција и одложување, вкл. уништување на оружјето, муницијата и експлозивите од поранешните борци, како и од цивилното население), демобилизација (формален и контролиран отпуст на вооружените лица – поранешните борци) и реинтеграција (процесот во кој поранешните борци се враќаат во статус на цивили и добиваат пристап до вработување, односно постојан приход). Овој процес вообичаено се предвидува во мировните договори кои се склучуваат за запирање на конфликтот, што е и предуслов за почеток на самиот процес. Целта на процесот ДДР е придонес кон безбедноста и стабилноста во постконфликтниот период, за да се овозможи обнова и развој во подрачјата зафатени со конфликтот. Често, тој е и предуслов за успешно спроведување на мировниот процес (предвиден со мировниот договор) и за последователната фаза на помирување. Со оглед на тоа што во Македонија фазите на разоружување и демобилизација се спроведени одамна, не навлегувајќи во нивната комплетност или успешност, предмет на оваа анализа е само делот на **реинтеграцијата**. Исто така, не се коментирани прашањето на помирување, кое треба да следи по успешното завршување на фазата на реинтеграција (иако многу активности и од процесите на градење мир и помирување, се одвиваат паралелно, вклучително и во Македонија).

Додека првично целиот процес ДДР се однесуваше само на поранешните борци, ОН во 2006 година објавија „Интегрирани стандарди ДДР“,[5] а во 2010 г. и практики од втората генерација[6], со кои се опфаќа поширокиот конктекст на воените конфликти и учесниците и жртвите во нив. Така, реинтеграцијата се однесува на повеќе групи: на воените учесници и воените жртви (воени инвалиди, загинати, починати), цивилните жртви (загинати и починати, цивилни инвалиди, киднапирани и исчезнати лица), вклучително и бегалците и раселените лица, односно сите локални заедници засегнати од конфликтот.

Овие стандарди обезбедуваат широка рамка и голем број детални постапки, за систематско справување со последиците од конфликтот. Тие се целосно применливи и на конфликтот во Македонија од 2001 година, а голем дел се и употребени (пр. разоружување и демобилизација, измени на легислативата, формирање нови политички партии и избори, реформа на судството, армијата и полицијата итн.). Но, доста од нив и не биле предвидени (пр. третманот на цивилните жртви, реинтеграцијата на поранешните борци, па до прашањата на помирувањето – како т.н. „комисии за утврдувањето на вистината“).

Некои од клучните одредби од стандардите ДДР на ОН се релевантни и за актуелната политичка ситуација во Македонија, со предложениот „Закон за бранителите“, па во продолжение се потсетуваме на дел од нив:

- ненасилство: целиот концепт на ДДР (н.з., а кај нас и самиот Охридски рамковен договор), се базирани на принципот за „целосно отфрлање на насилството, како модел за решавање на проблемите, од сите страни во конфликтот“ (ИДДРС, стр. 68);
- инклузивност: ДДР ги опфаќа **сите кои биле вклучени** во конфликтот (седно дали биле активни борци или не) од двете страни на конфликтот (стр. 52);
- меѓународно хуманитарно право...: процесот ДДР треба да осигура зачувување на дигнитетот на секое лице, неутралност, пропорционалност (согласно достапните ресурси), поддршка за сите засегнати од конфликтот, но и **не смее да биде систем за награда на сторителите на кривични дела** (стр. 54). Во таа смисла, **учесниците во конфликтот кои сториле дела против државата, не можат да бидат изедначени (да добијат исти права) како и припадниците на безбедносните сили** (стр. 450);

---

[4]Веб-страница на ОН за мировните мисии: http://www.un.org/en/peacekeeping/issues/ddr.shtml
[5]http://pksoi.army.mil/doctrine_concepts/documents/UN%20Guidelines/IDDRS.pdf
[6]http://www.un.org/en/peacekeeping/documents/2GDDR_ENG_WITH_COVER.pdf

- ... и правда: сторителите на повреди на човековите права, не треба да поминат неказнето и треба да поминат низ национални и/ или меѓународни механизми за постигнување на правдата и владеењето на правото (стр. 54);

- опфат на (по)загрозените групи: жени, младина, деца, лица со хендикеп и хронични болести (вклучително и со посттрауматски синдроми), цивилните жртви, раселени лица и бегалци (стр. 86 и 449-450).

## СОСТОЈБАТА ВО МАКЕДОНИЈА (СО И ПО ОРД)

Крајот на конфликтот во Македонија беше уреден со Охридскиот рамковен договор (ОРД),[7] склучен на 13 август 2001 година. Со ОРД, се предвидени мерки само за бегалците/ раселените лица (точка 3.1. од Анекс Ц), но и нивното прашање сѐ уште е не е целосно решено.

Покрај самото спроведување на ОРД, промените во Уставот и измените во предвидените закони, како и донесениот план (2003 г.) за ревитализација на областите кои беа погодени од конфликтот, **немаше посебни државни мерки/програми за реинтеграција** на учесниците во конфликтот и другите засегнати лица, освен донесувањето на (првиот) „Закон за бранителите“,[8] во јануари 2002 г. Повеќето други мерки беа спроведувани од меѓународните институции/ организации и некои од локалните граѓански организации.[9]

Со Законот за бранителите од 2002 година (кој пак се повикува и проширува права од „Законот за воените инвалиди и паднатите борци“),[10] се предвидоа шест групи на права за припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства: бесплатни здравствени услуги, вработување, станбено згрижување, еднократен паричен надоместок, образование и семејна пензија. Поточно, семејната пензија е уредена со измените на законот од 2003 година, а покрај тоа, помали измени на Законот имало и во 2004 и 2007 г.

Законот ги опфаќа припадниците на безбедносните сили – учесници во конфликтот од 2001 година (и нивните сопружници, деца и родители), како и тие што учествувале во конфликтите при распадот на СФРЈ, вклучително загинатите и починатите лица, како и ранетите со оштетување на организмот над 20 %. Законот е применуван во подолг период (2002-2007) и според информации (преку интервјуа) од здруженијата на бранителите, најголем дел од семејствата на загинатите и ранетите лица, ги оствариле правата од овој закон. Но тоа било со различна динамика, големи варијации во добиените износи на обештетување (дури и во случаи кога се повредите настанати во ист инцидент), дел од нив преку судски постапки (а дел од постапките сѐ уште траат) и со различни исходи во тие постапки и кога се работело за исти или слични случаи.

Незадоволни од дотогашната динамика и текот на остварувањето на овие права, Здружението на бранителите Достоинство покрена иницијатива во 2008 година за донесување нов закон за бранителите. Собранието расправаше по овој предлог во ноември 2008 година и не го усвои. Исто така, во април 2010 година, група пратеници предводени од Абедин Зумбери и Даут Реџепи, поднесоа предлог на „Закон за припадниците на ОНА“.[11] Предлогот беше базиран на Законот за бранителите од 2002 година, а новина беше воведувањето одредби и за семејствата на цивилните жртви. Собранието расправаше по овој предлог во јуни 2010 година и не го усвои предлогот.

---

[7] Охридски рамковен договор, 2001, достапен на: http://siofa.gov.mk/data/file/Ramkoven_dogovor_mk.pdf.

[8] Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семјства, Службен весник на РМ, бр. 2/2002 од 15 јануари 2002 г.

[9] Програма Ресоцијализација на поранешните борци (РПБ) 2005-2006, МЦМС, 2007. Достапно на: http://mcms.mk/mk/vesti-i-javnost/mcms-vo-mediumite/358-a1-sprovedena-resocijalizacija-na-braniteli-i-pripadnici-na-ona.html

[10] Закон за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семјства и на членовите на семејствата на паднатите борци, Службен весник на СФРЈ бр. 67/72.

[11] Предлог-закон за посебните права на инвалидите на ОНА, на членовите на семејствата на цивилните жртви и на членовите на семејствата на паднатите борци на ОНА за време на конфликтот во 2001 година.

Актуелниот предлог за нов закон за бранителите (со идентичен полн наслов како тој од 2002 година), поднесен до Собранието во август 2012 година, во голем дел ги опфаќа барањата од здружението Достоинство од 2008 година, ги допрецизира условите за користење на правата (вкупно шест) од претходниот закон и ги дополнува со пет нови групи: работен стаж, најниска пензија, старечки пензии, одбележувања и одликувања. Новите одредби предвидуваат: засметување на двоен стаж на бранителите за времето поминато во ангажман во безбедносните сили за време на конфликтот; право на законски определената најниска пензија; предност за сместување во старечки домови (без партиципација) за брачниот другар и/или родителите на загинатите припадници на безбедносните сили; а се задолжува Владата да изготви и спроведе програма за одбележувања на места каде што загинале припадници на безбедносните сили и да се одликуваат поединечни бранители.

Предлог-законот за бранителите предвидува и формирање комисија за надзор на спроведувањето на законот, со надлежност да одлучува по поднесени жалби.

Предлог-законот не предвидува поддршка за психо-социјален третман на учесниците во конфликтот.

Како што е напоменато погоре, ниту во ОРД е предвидено, ниту пак во меѓувреме се регулирани со закон, правата на цивилните жртви од конфликтот (загинати и ранети, раселени, киднапирани и исчезнати лица). Во правниот систем на Република Македонија постои веќе Законот за цивилните инвалиди,[12] со тоа што тој се однесува на жртви од Втората светска војна, а и ограничен е на лица со хендикеп (не ги третира другите горепсоменати категории на жртви од конфликтот). Предлог-законот, исто така, не ги третира овие лица.

## ПЕРЦЕПЦИИТЕ ЗА НОВИОТ ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

Со цел да го испита јавното мислење за новопредложениот закон за бранителите, МЦМС, во соработка со ИДСЦС, спроведе анкета со прашања за оправданоста од донесувањето на овој закон, посебен закон за припадниците на ОНА, како и за цивилните жртви.

**Графикон 1: Оправданост на носењето закон за правата на бранителите**




Како што е прикажано во Графиконот 1 погоре, значително мнозинство граѓани (79,7%) смета дека носењето ваков закон е оправдано.

Од друга страна, на прашањето дали е оправдано да се вметнат и законски одредби за правата на поразените припадници на ОНА, има голема поделеност меѓу етничките Албанци и припадниците на другите заедници (Графикон 2).

[12] Закон за цивилните инвалиди од војната, Собрание на СРМ, Сл. весник бр. 33/76.

**Графикон 2: Оправданост на носењето законски одредби за права на припадниците на ОНА**




Додека етничките Албанци со значително мнозинство од речиси 90% се согласуваат со тоа, има голема спротивставеност од етничките Македонци (речиси 80%), но и кај другите етнички заедници (61%). На тој начин, вкупната поддршка во јавноста за овој предлог е малцинска (33%).

На крајот, во анкетата беше прашано и за правата на семејствата на цивилните жртви, а резултатите се прикажани во следната табела.

**Табела 3: Оправданост на донесувањето законски одредби за правата на цивилните жртви, без разлика на етничката припадност**

| % | Да | Не | Не знам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Македонска** | 79,1 | 11,3 | 9,6 | 100,0 |
| **Албанска** | 95,0 | 3,9 | 1,1 | 100,0 |
| **Друга** | 77,2 | 7,3 | 15,6 | 100,0 |
| **Вкупно** | 83,0 | 9,1 | 7,9 | 100,0 |

Како што се гледа, поддршката за ваков предлог е речиси консензуална (83% „за“, наспроти незначително малцинство од 8% „против“), а особено позитивни за ова прашање се етничките Албанци со 95% поддршка.

# АНАЛИЗА

Поднесувањето на предлогот за нов закон за бранителите предизвика различни реакции во македонското општество, како и поделеност по етнички линии во Собранието на Република Македонија, доведувајќи и до негова блокада. Додека партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ го поддржуваат, партиите на етничките Албанци (ДУИ, ДПА, НДП) се спротивставуваат, главно за тоа што со предлогот не се решава статусот на припадниците на ОНА.

Оваа анализа е обид да се внесат нови елементи во дебатата, преку споредба со меѓународните практики и стандарди, како и со пренесување на перцепциите на јавноста за проблемот, а со цел тој да се надмине и реши.

Меѓународните практики и стандарди се главно дефинирани во документи на Обединетите нации, а креирани низ долгогодишното искуство од мировните операции во конфликтите низ целиот свет. Тие не се преточени во нормативи (резолуции, конвенции) и како такви не се задолжителни за употреба, но даваат доволно насоки и искуства за примена и во сегашната ситуација во Македонија. Секако, секој конфликт има свои специфики, па и решенијата треба да бидат прилагодени на соодветниот контекст. Некои релевантни одредби од тие стандарди се наведени во текстот погоре, а може да се нагласат за примена кај нас: потребата од сеопфатност на пристапот (да се бараат решенија за сите проблеми поврзани со конфликтот), како и пропорционалност (не може да се изедначат правата на бранителите, со оние на припадниците на ОНА).

Во однос на досегашните решенија, Законот за бранителите од 2002 година во голема мера ги обезбеди правата на припадниците на безбедносните сили, а и најголем дел од семејствата на жртвите и ранетите се обештетени, но некомплетно и нерамномерно. Тоа ја потврдува потребата од новиот закон, но и негова доработка (амандмански измени) со земање предвид на искуствата од праксата на здруженијата на бранителите. Законот, на пример, не предвидува одредби за психосоцијална поддршка на учесниците во конфликтот, што е еден од најголемите проблеми на бранителите во целиот период по конфликтот. Пожелно е и проширување на делокругот на предвидената комисија, не само на надзор/жалби, туку и за евиденција на досегашните случаи и решавање нови.

Од аспект на перцепцијата на јавноста, кај која има мнозинска поддршка за предлог-законот, без разлика на етничката припадност, се чини контрапродуктивно блокирањето на законот од страна на партиите чии гласачи се главно етничките Албанци. Впрочем, тие не го блокирале донесувањето на претходниот закон и сите негови измени (иако не гласале за нивното донесување).[13]

За разлика од предложениот закон за бранителите, нема мнозинска поддршка на јавноста за законско регулирање на права на припадниците на ОНА. Со оглед на тоа, но и со меѓународните практики и стандарди, разбирливо е што има противење кај предлагачите на актуелниот предлог-закон за вклучување одредби за припадниците на ОНА, па е извесно дека таков предлог нема да добие мнозинска поддршка да биде донесен во Собранието (како што се случи во 2010 година).

Од друга страна, сепак кај етничките Албанци поддршката за таков предлог изнесува 90 %, па очигледна е и големата потреба кај етничките Албанци за уредување на прашањето на припадниците на ОНА. Впрочем и самиот ОРД се склучи за да не се донесуваат решенија со мајоризација на помалите заедници или пак ќе предизвикуваат тензии по етничка линија. Овде е таков случајот, иако самиот предлог-закон не се однесува на определена етничка заедница, ниту исклучува некоја (во конфликот како припадници на безбедносните сили загинаа Македонци, но и припадници на други етнички заедници, особено Роми, вклучително и еден етнички Албанец). Решението е можно со посебна програма за реинтеграција – не со посебен закон, не со изедначување на правата со бранителите (согласно меѓународната пракса и стандарди), туку со обезбедување можности за активно и продуктивно вклучување на поранешните борци на ОНА во општеството, преку програми за обуки, преквалификации, обезбедување пристап до можности за вработување и слично.

Ниту досегашните, ниту овој предлог-закон не ги уредуваат прашањата на цивилните жртви од конфликтот, ниту е јасно дали и во која мера се тие обештетени по конфликтот.

Меѓународните стандарди зборуваат за поширока целна група, која покрај загинатите и ранетите цивили во конфликтот, исто така ги вклучува и раселените, киднапираните и исчезнатите лица.

Постоечката законска регулатива, иако стара (1976 г.), може да се примени на дел од нив (лица со хендикеп). За другите, една можност е да се направат измени и дополнувања во Законот за цивилните жртви, согласно тековните (и идните) потреби или да се донесе сосема нов закон. Втората опција (нов закон) е веројатно подобра, бидејќи во претходниот закон не се уредени правата на раселените лица, семејствата на киднапираните/ исчезнатите. Посебно тешка е ситуацијата на семејствата на исчезнатите 18 лица (12 етнички Македонци и 6 етнички Албанци) за кои и по толку години не се знае нивната судбина, ниту пак нивните семејства биле дел од некоја форма на законско обештетување. Секако, опција е да се третираат овие случаи и без посебна законска регулатива, туку со посебни програми за поддршка.

[13] Гласања на седниците на кои е денесен Законот за бранителите и неговите измени и дополнувања (2002, 2003, 2004 и 2007), Собрание на РМ. На следната адреса е достапно гласањето од 2003 година: http://www.sobranie.mk/ext/SessionDetails.aspx?Id=388e1cfa-79db-48ea-a32e-3b50aa879350

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Новиот предлог-закон за бранителите создаде контроверзии и поделба во општеството, особено по етничка линија. Оваа анализа е направена со цел да се даде придонес кон аргументирана расправа и конструктивно разрешување на проблемот. Во продолжение се дадени неколку препораки за можното надминување на настанатата ситуација, со земање предвид на меѓународната пракса и стандардите, досегашните наши искуства, како и мислењето на јавноста.

### Дебата за предлог-законот е добра можност за разрешување на преостанатите отворени прашања од конфликтот во 2001 година

Иако предлог-законот предизвика конфронтација по етничка линија, дебатата за тоа (иако во моментот отсутна во Собранието) е можност за (ре)отварање на преостанатите прашања од конфликтот од 2001 година, вклучително и за потешките или болните, како прашањата за исчезнатите, за раселените лица, или за цивилните жртви, кои сѐ уште ги трпат последиците од конфликтот.

Во таа смисла, треба да се дебатира за „пошироката слика“, наспроти самиот предлог-закон и во тие рамки да се предвидат решенија за повеќето или сите отворени прашања, особено за цивилните жртви, исчезнатите и раселените лица.

### Предлог-законот ги дорегулира најголем дел од правата на бранителите, но има простор за подобрувања

Според повеќето оценки, првичното законско решение од 2002 година (и последователните три измени), не ги обезбеди во доволна мера правата на бранителите, а особено проблематична се покажа неговата примена (бавна, неконзистентна, судски случаи).

Од тие причини, а и според мислењето на мнозинство граѓани, оправдано е донесувањето нов закон и тој процес не треба да се блокира. Оценките за новиот предлог се главно позитивни, но има места за подобрување при што треба во собраниската дебата да се вклучат и претставници на Здруженијата на бранителите. Ова особено се однесува на третманот на психосоцијалните проблеми и трауми на поранешните бранители, за што воопшто нема предвидено решенија (ни порано, ниту во актуелниот предлог).

Пожелно е и комисијата која е предвидена со овој закон, да добие овластувања за целосна евиденција на сите случаи (вклучително и разрешниците на оние со претходните закони и судски постапки) за да се обезбеди правично и усогласено постапување.

### За припадниците на ОНА треба да има програма за ресоцијализација

Сепак, проблем во тековната ситуација (и блокадата на предлог-законот) е нерешавањето на статусот/правата на припадниците на ОНА. Блокадата до ДУИ и ДПА е од тие причини, а не заради суштинско несогласување со самиот закон. Затоа, за прашањето за припадниците на ОНА треба да се дискутира сега.

Согласно меѓународните практики и стандарди, но и мнозинското мислење во македонската јавност, тоа не може да се направи со законско решение и изедначување со правата на бранителите.

Но, треба да има посебна програма за реинтеграција/ресоцијализација, со која ќе се овозможи пристап до вработување и активно вклучување во заедницата, преку обуки, доквалификации и преквалификации, рехабилитација и вклучување во програми за психосоцијална поддршка.

### Предлог-законот не ги опфаќа прашањата на цивилните жртви, па има потреба од посебни мерки за нив

Со овој предлог, не се опфатени лицата кои не биле припадници на безбедносните сили, како цивилните жртви, како и семејствата на исчезнатите и киднапираните лица. Во јавноста е речиси консензуална поддршката за законско регулирање на статусот на цивилните жртви (загинати и ранети), без разлика на етничката припадност. Добар чекор во надминувањето на сегашната ситуација ќе е донесување посебен закон или програми за посебни права на овие лица и членовите на нивните семејства.

## Библиографија


Веб-страница на Обединетите нации за мировните мисии (United Nations Peacekeeping): http://www.un.org/en/peacekeeping/issues/ddr.shtml

Втора генерација практики за разоружување, демобилизација и реинтеграција (ДДР) во мировните операции (Second Generation of Disarmament, Demobilization and Reintegration (DDR) practices in peace operations), Обединети нации, 2010, http://www.un.org/en/peacekeeping/documents/2GDDR_ENG_WITH_COVER.pdf

Стандарди за интегрирано разоружување, демобилизација и реинтеграција (Integrated Disarmament, Demobilization and Reintegration Standards), Обединети нации, 2006, http://pksoi.army.mil/doctrine_concepts/documents/UN%20Guidelines/IDDRS.pdf

Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства, Собрание на РМ, 2002 г., и измени и дополнувања (2003, 2004, 2007)